„Навистина делата се вреднуваат според намерите, и навистина секој човек ќе го добие она што го имал како намера

Од владарот на праведните, Ебу Хафса, Омер бин Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Навистина делата се вреднуваат според намерите, и навистина секој човек ќе го добие она што го имал како намера. Па, кој ќе направи хиџрет заради Аллах и Неговиот пратеник, неговиот хиџрет е за Аллах и Пратеникот; а кој ќе направи хиџрет заради материјална/овосветска добивка, или заради жена да ја ожени, неговиот хиџрет е за она за што го направил.“

صحيح] [رواه إماما المحدثين أبو عبد الله محمد بن إسماعيل بن إبراهيم بن المغيرة بن بردزبه البخاري وأبو الحسين مسلم بن الحجاج بن مسلم القشيري النيسابوري في صحيحيهما اللذين هما أصح الكتب المصنفة]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни објаснува дека сите дела ќе се вреднуваат според намерата, и таквиот пропис е општ и се однесува на сите дела било да се ибадети или меѓучовечки односи, тој што наумил со своето дело некоја корист нема да има друга награда освен таа корист и нема да добие никаков севап, а кој ќе науми со своето дело да му се приближи на Аллах Возвишениот, тогаш со тоа дело ќе добие награда дури ако се работи за некое вообичаено дело, како што е јадење или пиење. Потоа Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дал пример со кој го толкува влијанието на намерата во делата кои наизглед се идентични однадвор, ни појасни дека тој што наумил со својата преселба, оставајќи ја својата татковина, да го постигне задоволството на својот Господар, неговата хиџра ќе биде според според прописите и прифатена, ќе биде награден за неа заради искреноста во намерата, додека тој што наумил со својата преселба некоја овосветска корист: пари, углед, трговија или брак, тој со својата преселба ќе ја има само таа корист за која ја направил, и нема да биде награден со севапи.


النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY


لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee